**КОМИТЕТ НА МИНИСТРИ** Декларации **Decl(17/05/2019)** 17 мај 2019 година

# Декларација на Комтетот на министри по повод 70 годишнината на Советот на Европа

*(Усвоена од Комитетот на министри на 17 мај 2019 година, на 129-иот состанок на Замениците министри)*

Превод кофинансиран од Европската Унија
ЕУ со ТЕБЕ

Седумдесет години по потпишувањето на Статутот во Лондон, Советот на Европа е водечка организација за човекови права на нашиот континент. Ние, 47-те земји членки се согласивме на заеднички стандарди за човекови права, демократија и владеење на правото и продолжување да се водиме по нив во процесот на донесување одлуки од страна на Комитетот на министри. Креирањето на таков заеднички правен простор е единствен во европската историја, поради што е постигнување кое е вредно да се слави.

Европската конвенција за човекови права е најважен правно обврзувачки инструмент за колективно спроведување на човековите права и основни слободи во Европа, инструмент кој ги одржува и промовира идеалите и вредностите на демократското општество. Европскиот суд за човекови права има значително влијание на секојдневниот живот на повеќе од 830 милиони луѓе во Европа преку неговите пресуди и добро заснована судска пракса. Европската социјална повелба цели кон олеснување на економскиот и општествениот напредок на земјите членки и промовира социјална благосостојба на нивните популации. Заедно со повеќе од 220 договори, тие претставуваат пан-Европски правни инструменти за заштита на човековите права, демократијата на секое ниво и владеењето на правото. Советот на Европа се потпира на овие принципи и ги применува на конкретни теми, овозможувајќи дополнителна заштита за секој поединец. Ние продолжуваме да ја градиме Европа и да развиваме заеднички демократски и правен простор заснован на овие права и слободи.

Силна страна на Организацијата е периодичната и темелна оцена на сите земји членки во согласност со воспоставените правни критериуми. Комитетот на министри, кој е меѓувладино тело, Парламентарното собрание, единствен пан-Европски форум за меѓупарламентарен дијалог и Конгресот на локални и регионални власти, вршат мониторинг и се во улога на чувари на човековите права и демократијата, секој во својата област на надлежност. Ние исто така ја цениме улогата на Комесарот за човекови права, Венецијанската комисија како и други независни тела. Го препознаваме вредниот придонес на секое од овие тела и механизми во одржувањето на заедничките правни стандарди.

Европското единство е потребно повеќе од било кога во соочувањето со новите предизвици кои им се закануваат на нашите општества. Од витална важност е за Организацијата да одговара брзо и ефикасно на прашањата кои се јавуваат во земјите членки. Заедно мора да го штитиме и унапредуваме европското наследство во делот на човековите права и да го реформираме така што ќе го издржи тестот на времето во кое живееме. Во таа насока, ние сме посветени на единствената улога на Советот на Европа како ефикасна рамка за пан-Европска соработка.

Усогласеноста со стандардите и зададените задачи се неспорен приоритет. Наша заедничка одговорност е да го одржиме конвенционалниот систем на Советот на Европа и да осигураме наша длабока посветеност и почитување на Статутот на Советот на Европа и на Европската конвенција за човекови права. Исто така, ја потврдуваме и нашата посветеност да обезбедиме независно функционирање на судството и континуирано зајакнување на властите за владеење на правото.

Слободна и плуралистичка јавна дебата е предуслов за демократија и потребна е силна активност за да се одвратиме од неодамнешното влошување на слободата на изразување во Европа. Ја препознаваме клучната улога на граѓанското општество и ја изразуваме нашата длабока загриженост за нивното намалување. Посветени сме на значаен и транспарентен дијалог со граѓанското општество на сите нивоа од нашиот ангажман.

Ја потврдуваме важноста на политиките за антидискриминација и еднаквост во едно демократско општество кое се карактеризира со плурализам, толеранција и широкоумност.

Различноста е извор на збогатување на сите наши општества. Ќе продолжиме да промовираме европски идентитет. Ја потврдуваме нашата посветеност да промовираме еднакви можности, квалитетно образование, родова еднаквост и добри односи во општества кои се базираат на взаемно почитување на човековите права и основни слободи. Наша должност е да ги браниме и шириме вредностите на слобода и човеково достоинство за секој поединец без дискриминација низ сите 47 земји членки.

И понатаму сме загрижени за конфронтирањето и неразрешените конфликти кои влијаат на одредени делови на континентот. Заедно ќе работиме за помирување и изнаоѓање политички решенија за усогласување со нормите и принципите на меѓународното право.

Ние, Министрите кои ги претставуваме земјите членки на Советот на Европа, ја потврдуваме нашата посветеност на принципите на владеење на правото и уживањето на човековите права и основни слободи на сите лица кои се во наша јурисдикција. Ќе продолжиме со искрена соработка и ефикасна реализација на целта на Организацијата, а тоа е да се постигне поголемо единство меѓу нас во насока на штитење и реализација на нашите идеали и принципи кои се заедничко наследство, а со кои ќе се олесни економскиот и општествениот напредок и ќе се цели кон мир заснован на правда и меѓунардона соработка.

© 2020 Совет на Европа. Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови. Ниту еден дел од публикацијата не смее да се преведува, репродуцира или пренесува, во кој било облик или со кое било средство, електронско (ЦД-ром, Интернет, итн.) или механичко, вклучително и фотокопирање, снимање или каков било систем за складирање или повлекување на податоци, без претходно писмено одобрение од Директоратот за комуникации (F-67075 Стразбург Цедекс или publishing@coe.int).

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 47 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската Унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенција од страна на државите членки.

**www.coe.int**

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и оддржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите достигнувања и вредности со држави и народи надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

*Овој превод е изработен со средства од заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа. Туканаведените мислења нужно не го одразуваат официјалното гледиште на Европската Унија.*

Превод кофинансиран од Европската Унија

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE